Russell Bedford
taking you further

# Расел Бедфорд Атанасовски Доо, Скопје



## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

2025 година

Russell Bedford
taking you further

**Расел Бедфорд Атанасовски ДОО, Скопје**

Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.19-4/2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**T:** +389 (2) 30 96 226
**W:** www.russellbedford.com

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 154/15, 192/15, 23/16 И 83/18), Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 година

## 1. Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски Дооел Скопје е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице на 17.01.2020 година . Друштвото е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 7408692.

Друштвото е заведено под број ДР035 во регистарот на друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Друштвото има добиено лиценца за работа за вршење на работи на ревизија бр. 08-1 од 10 Февруари 2020 година од Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Регистарски број на лиценцата е број 31.

Во текот на 2020 година е извршена промена на друштвото со упишување на дополнителен сопственик и орган на управување и е трансформирано во Друштво за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје.

Друштвото има добиено лиценца за работа за вршење работи на ревизија бр. 08-184/4 од 18 Ноември 2020 година. Регистарски број на лицена 31.

Со состојба на 31.12.2024 година бројот на вработени лица во Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје изнесува 7 лица. Од сите лица, 6 се вработени на неопределено време, едно лице е вработено на определено работно време до шест месеци. Лиценци за овластен ревизор поседуваат 2 лица.

Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје има основна главнина во износ од 308.000 денари. Сопственици на друштвото се овластениот ревизор Ивана Атанасовска со сопственичко учество од 60% односно оснивачки влог од 186.000 денари и Борислав Атанасовски со сопственичко учество од 40% односно оснивачки влог 122.000 денари.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата или странство, ниту е основач во други друштва во земјата и странство.

Друштвото има направено годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија според полиса бр 130400002770/00 со минимална сума на покривање од 250.000 евра по штетен настан и период на осигурување од 17.01.2026 до 17.01.2027 година.

**2. Опис на професионалната мрежа и правните структури аранжмани во мрежата каде што припаѓа.**

Друштвото е членка на Russell Bedford International меѓународна мрежа на фирми за професионални услуги од областа на сметководство, ревизија, даночни и консалтинг услуги.

Друштвото во текот на 2025 година делуваше на територијата на Република Северна Македонија, даваше услуги на комитенти и за комитенти што делуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

**3. Опис на управувачка структура**

Со друштвото управуваат двајца управители Борислав Атанасовски и Ивана Атанасовска, кои истовремено се и сопственици.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и Изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем.**

Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје има воспоставено, спроведува и следи систем за контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека друштвото и персоналот работат во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет (МСКК) 1 "Контрола на квалитет за фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи, и други ангажмани за уверување и поврзани услуги" и дека извештаите за ангажманите на друштвото се соодветни со околностите. Главна цел на Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски Доо Скопје е да обезбеди услуги со висок квалитет за своите клиенти. Секој партнер и член на персоналот, до различни степени, се одговорни за спроведување на политиките на контролата на квалитет на друштвото. Управителите, кои истовремено се и партнери на Друштвото го имаат крајниот авторитет и одговорноста на системот за контрола на квалитет.

Системот за контрола на квалитет на Друштвото опфаќа политики и процедури за секој од следниве елементи: Одговорности на раководството за квалитет на друштвото;Релевантни етички барања;Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Спроведување на ангажманот; Следење; и Документирање.

*4.1 Одговорности на раководството за квалитет на друштвото*

Управителите на друштвото имаат подеднаква одговорност за проверка на контрола на квалитет, за сите прашања поврзани со етиката, вклучувајќи ги независноста, конфликт на интереси, приватност и доверливост, како и за сите функции од областа на човечките ресурси.

*4.2 Релевантни етички барања*

Партнерите и целиот персонал мора да бидат независни во однос на нивните клиенти и анагажмани. Независноста се одржува за време на целиот период на ангажман за сите ангажмани на уверување, како што се бара од Меѓународната федерација на

сметководители, Кодексот на етика на професионалните сметководители, МСКК1, И меѓународниот стандард за ревизија 220 " Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи"

Доколку заканите за независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до едно прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, друштвото ќе ја елиминира активноста која ја предизвикува заканата или ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот. Кога клиентот за ревизија е котирачки клиент, а партнерот кој го води ангажманот е одговорен за ревизијата во период од седум години, тој нема да врши ревизија на финансиските извештаи во времетраење од најмалку две години.

Партнерите и персоналот имаат обврска да ги заштитуваат и чуваат како доверливи сите информации за клиентот кои треба да се чуваат како тајни и да се заштитуваат согласно закони и други регулативе, политиката на друштвото и специфично инструкции или договори со клинтот. Информациите за клиентот и кои било друго лични информации добиени за време на ангажманот ќе бидат користени или обелоденети само за целта кои биле собрани.

### *4.3 Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани*

Друштвото и неговите партнери прифаќа нови ангажмани или ги продолжува постоечките само со одобрување на партнерот кој го води ангажманот, по извршена проверка во согласност со политиките и процедурите на Друштвото. За секој тековен ангажман и за секој нов клиент се врши документирана проверка која вклучува и проценка на ризиците поврзани со клиентот.

### *4.4 Човечки ресурси*

Партнерите мора да ги проценува барањата за професионална услуга за да бидат сигурни дека го имаат капацитетот и стручноста кои се потребни за да се задоволат потребите на клиентот. Партнерите и персоналот мора да ги исполнуваат условите за континуирано професионално усовршување кои се дефинирани во Законот за ревизија и соодветните меѓународни стандарди.

Преку своите политики и процедури, Друштвото обезбедува назначување на соодветни партнери и персонал за секој ангажман. Партнерот на ангажманот го планира распоредувањето на персоналот. Тој, исто така, има одговорност да се осигури дека назначените поединци, но и тимот како целин, ги имаат потребните способности да го извршат ангажманот во согласност со прфесионалните стандарди и со системот за контрола на квалитет на друштвото.

### *4.5 Спроведување на ангажманот*

Политиките и процедурите на друштвото се дизајнирани да обезбедат разумна сигурност дека друштвото и персоналот соодветно ги планираат, надгледуваат и проверуваат ангажманите и дека извештаите за ангажманите се соодветни на околностите. Друштовото обезведува стандардизирани работни документи потребни за документирање на ангажманот на клиентот. Партнерот на ангажман е одговорен за потпишување на извештајот на ангажманот и како лидер на тимот на ангажманот е одговорен за севкупниот квалитет за секој ангажман за кој е назначен.

За сите значајни или сложени прашања идентификувани за време на планирањето или за време на ангажманот, партнерот кој го води ангажманот треба да се консултира со другиот партнер и со членови на тимот кои имаат соодветно знаење и искуство. По потреба може да се оствари консултација и со стручни лица надвор од Друштвото.

*4.6 Следење*

Следењето примарно се состои од разбирање на системот за контрола и определување до кој степен иситот ефикасно функционира. Исто така, следењето вклучува и развојни препораки за подобрување на системот.

*4.7 Документирање*

Друштвото има воспоставено политики и процедури дизајнирани да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, Друштвото се придржува во својата работа кон донесените политики од контрола за квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените на друштвото. Изјавата за ефективност на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 на овој Извештај.

## 5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитетот на ревизорот

Последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот е проверката на контролата на квалитет извршена во февруари 2024 година од страна на овластени лица на Институтот на Овластени ревизори на РМ. Предмет на контролата беа 3 ревизии на финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2022 година.

Извршена е проверка за уверување за контрола на квалитет во рамки на мрежа Russell Bedford International во Септември 2025 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот

**Законски ревизии**

Агенција за супервизија на капитално И финансирано пензиско осигурување;Адинамик Медиа Дооел Скопје;Американ Колеџ;АКС Менаџмент ДОО Скопје;Алма-М Дооел Скопје;Ангро – Маркетинг Механизација ДОоел Битола; Ангромаркетинг ДОО Демир Хисар;Аџибатем Систина Медикал компани ДОО Скопје;Бест Веј Инвестмент Дооел Скопје;Би-Мек Доо Скопје; Буши Фашион Доо Скопје;Вардар Градба ДОО Скопје;Вега Осигурување АД Скопје;Вега Фондови АД Скопје;Вега Финансии;Вега Кеш; Вега Свет; Вега Технологија; Вип Проект Дооел Скопје; НЛБ Фонд АД Скопје; НЛБ Брик; НЛБ Америка; НЛБ Топ Брендови; НЛБ Кеш депозит;НЛБ Обврзници;Минт Капитал Дооел Скопје; Греемак Груп ДОО Скопје; Греј – Ворлдвајд Дооел Скопје; ДГУ Пелистер ДОО Битола;Дивелоп Груп ДОО Скопје; Евроасија Техника ДОО Скопје; Европорц ДОО Скопје; Езимит Дооел Штип; Езимит Вино ДОО Штип; Еко Логистик Сервис ДОО Скопје; Ескаватори-МК Дооел Скопје; Еуро – Фарм Дооел Битола; ПЗУ – аптеки Еурофарм Битола;Жито Велес Дооел Велес; Жито Полог АД Тетово; ИМП Солета ДОО Скопје; Ју – Бај 2 Амет Дооел Скопје; Камчев Консалтинг Дооел Скопје; Кара АД Скопје; Фабрика Карпош АД Скопје; Ленди Груп Дооел Скопје; Минт Инс -осигурително брокерско друштво АД Скопје; Монтинг Инженеринг ДОО Битола; МултиШпед Дооел Скопје; Неоком АД Скопје;Неотел АД Скопје; Пзу – Нефроплус Кавадарци; Нутривет Дооел Скопје; Олимпико ДОО Скопје;Омпетрол Оил Дооел Скопје; Орка Холдинг АД Скопје;Панорама Резиденс Дооел Скопје;Пантелеон ГС Дооел Скопје; Пера Констракшн Интернационал ДОО Скопје; Пертинакс Дооел Скопје; Пауер Спорт Системс ДОО

Скопје;Пекабеско АД Скопје;Полиестердеј Дооел Скопје; Римес МС Груп ДОО Скопје; Рио Кафе ДОО Скопје;; Руле Турс ДОО Скопје; Саманта ДОО Скопје; Седа Брокер АД Скопје;СГС Дооел Скопје; Серта Компани ДОО Скопје; Сити Плаза ДОО Скопје; Современ Дом АД Прилеп; Стиг Технолоџи 2015 Дооел Скопје; Стонебридџе – Хотел ДОО Скопје; Супер Петка Дооел Велес; Таргет Медиа Дооел Скопје; Тим ДОО Скопје; Тимох ДОО Скопје; Топ-Траде ДОО Скопје; ФД Еазу Фајнанс АД Скопје; ФД Пелистер Дооел Битола; ФД Минт СН ДОО Битола; Ферком Трејд ДОО Скопје; ФД Солидус ДОО Битола; Фортис Енергетика Фотонапонски Централи Дооел Скопје; Фортис Енергетика Градежништво Дооел Скопје;Хотел Гранд М Дооел Скопје;Клиничка Болница Аџибадем Систина ;ТДА Трејд ДОО Скопје; Државна видеолотарија на Македонија Касинас Австрија ДОО Скопје; Спортски Центар Јане Сандански Дооел Скопје; Минт Финтек Груп ДОО; Кисми Горан Дооел Скопје; Жито Центар ДОО Скопје; Ни-Мар Дооел Скопје;Фиткат Интернешнел Дооел Скопје; Илирика Инвестментс АД Скопје; Нет-електроникс Дооел Скопје; Депт Технолоџи Дооел Скопје; Тосама Трејд ДОО Скопје; Вега Консалтинг Дооел Скопје; Мак Гросер ДОО Крушево; АПС МЦ Дооел Скопје; Ким 2008 ДОО Скопје; Актиф ДОО Скопје; Спортски Центар Борис Трајковски Дооел Скопје; РиД Центар Скопје; Делта 2015 Дооел Скопје; Ведера 22 Дооел Скопје; Кодхем Дооел Скопје.

**Договорни ревизии**

Адвокатска комора на Република Македонија; ФК Брегалница; РК Еурофарм Пелистер; РК Еурофарм Пелистер 2;Фруктал Мак АД; Веб-Инвест Дооел, Скопје;Сеизмик Дизајн Дооел, Скопје;ОК Идеа Дооел, Скопје, Скопје, Свод Мастер Дооел Скопје, Маккос Компани Зелќиф Дооел, Скопје;Солар Сантрал Енержи Аноним Дооел Скопје; Компанија Атанасовски ДОО, Скопје;Цити Холдинг 13 ДОО, Ракометна Федерација на Македонија; РФМ Маркетинг Дооел Скопје; Фудбалска Федерација на Македонија;ЈК Травел, Битола;Лид Комјуникејшнс Скопје;Центар за Младински Активизам Крик;Центар за социјални иницијативи Надеж; Еко Биг Бенг ДОО Скопје; Ситотехника Дооел Скопје; Плур Дооел Скопје.

## 7. Изјава за независно работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Партнерите и персоналот на Друштвото се должни да доставaт писмена потврда за независност во согласност со политиките и процедурите на Друштвото кои се засновани на Оддел 290 од Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународната федерација на сметководители.

Секој партнер и вработен назначен да работи на ангажман за уверување мора да му потврди на партнерот на ангажманот дека тие се независни од клиентот на ангажманот или да го известат за која било закана или потенцијална закана за независноста со што ќе се овозможи примена на заштитни мерки.

Изјавата со која се потврдува дека постојат процедури за проверка на усогласеноста на независноста е дадена во Прилог 2 на овој Извештај.

## 8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори

Russell Bedford
taking you further

Согласно одредбите од Законот за ревизија овластените ревизори во текот на 2025 година имаат посетено онлине обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради наградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Обуката е организирана од Институтот на овластени ревизори на РМ. Овластените ревизори, и останатиот персонал континуриана едукација остваруваа и преку следење онлине вебинари во склоп на мрежата Russell Bedford International.

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 на овој Извештај.

## 9. Финансиска информација за приходите на Друштвото

### 9.1 Список (листа) на услуги кои ги нуди Друштвото

- Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки(Согласно МСР)
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC,прифатени и објавени во Р.С.М)
- Даночни советодавни услуги;даночен консалтинг и даночни проверки
- Други неревизорски услуги;длабински анализи, проценки за потреби на инвеститори, инвестициони програми.

### 9.2 Финансиска информација за вкупните приходи

| **во илјади денари** | **2025** |
|---|---|
| Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки | 18.646 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | 228 |
| Даночни советодавни услуги | - |
| Други неревизорски услуги | - |
| **ВКУПНО** | **18.874** |

## 10. Основа според која се утврдуваше хонорарот на овластениот ревизор

Примањата на овластените ревизори во Друштвото Расел Бедфорд ДОО Скопје се утврдуваат врз следниве основи:

-фиксна плата во текот на целата година

-Дивиденда за овластените ревизори и сопствениците на Друштвото, а поврзано со финансиската успешност на Друштвото.

Скопје, Март 2026

Управители

Борислав Атанасовски

Ивана Атанасовска

Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДОО Скопје

Russell Bedford
taking you further

**Прилог 1**

**Изјава за ефикасноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје во своето работење се придржуваше кон постапките на контрола на квалитет и дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефективно функционираше.

Скопје, Март 2026

Управители

Борислав Атанасовски

Ивана Атанасовска

Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДОО Скопје

Russell Bedford
taking you further

**Прилог 2**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста**

Изјава дека во Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

Скопје, Март 2026

Управители

Борислав Атанасовски

Ивана Атанасовска

Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДОО Скопје

Russell Bedford
taking you further

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија за континуирана едукација на овластените ревизори**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје ја следи воспоставената политика за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори.

Скопје, Март 2026

Управители

Борислав Атанасовски

Ивана Атанасовска

Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДОО Скопје